**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 07.10.2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 4784 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 септември до 1 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 7 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Мониторингот врз известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Алфа во вториот извештаен период, 22 септември – 1 октомври 2016 година, е извршен врз примерок од десет изданија на Вестите во 17:30 часот.

Од вкупно 4 часа 19 минути и 11 секунди анализирани прилози, најголемиот дел – 4 часа 12 минути и 35 секунди (Табела 1) - се со некој од претежно информативните жанрови (извештаи, понекогаш коментаторски извештаи, вести, изјави), а ретко се користат коментарите и освртите кои вкупно траат 6 минути и 36 секунди. ТВ Алфа известува за настани од различни сфери на живеењето, и пренесува информации од внатрешноста на државата (Гевгелија, Тетово, Теарце, Преспа, Охрид, Битола, Штип итн.).

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ АЛФА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Претседател на РМ | 00:05:35 | 2,21 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:33:37 | 13,31 % |
| Влада на РМ | 00:35:47 | 14,17 % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:38 | 0,25 % |
| Собрание на РМ | 00:06:19 | 2,50 % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:38 | 0,25 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:29:25 | 11,65 % |
| Специјално обвинителство | 00:04:59 | 1,97 % |
| Судство | 00:05:58 | 2,36 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:43 | 0,28 % |
| Други субјекти | 00:34:45 | 13,76 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:16:39 | 6,59 % |
| Граѓански сектор | 00:11:38 | 4,61 % |
| СДСМ | 00:22:10 | 8,78 % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:56 | 1,95 % |
| Без субјекти | 00:18:01 | 7,13 % |
| Локална самоуправа | 00:05:36 | 2,22 % |
| Јавно обвинителство | 00:02:51 | 1,13 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:05:07 | 2,03 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:29 | 0,19 % |
| ГДОМ | 00:01:25 | 0,56 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:46 | 0,30 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:12 | 0,48 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:25 | 0,16 % |
| Шарена револуција | 00:00:41 | 0,27 % |
| Привремена комисија | 00:01:48 | 0,71 % |
| АРМ | 00:00:27 | 0,18 % |
| | **Вкупно: 04:12:35** | **100 %** |

Носител на дејството во прилозите најчесто е Владата, преку редовни активности (средби со политичари, меѓународни конференции и форуми кои се одржуваат во Македонија и светот, активности на МВР и сл.), но има и прилози во кои се промовираат активностите и резултатите на политиките на власта од областа на образованието, здравството, социјалните работи, вработувањето.

По временското присуство во вестите, веднаш зад централната власт се наоѓаат личности и организации кои се категоризираат како „други субјекти": адвокати, НБРМ, Институт за економски истражувања и политики, Младински центар за култура и развој, адвокатска комора, ХОТАМ, Манифестација „Ден на гравот", Моторџиската манифестација The distinguished gentlemen's ride, режисери, продуценти,

Универзитет „Св. Климент Охридски", медиуми, грчката дијаспора, поетот Никола Маџиров, стопански комори, Хотел Страдус, Караџа турс Балкан, Машински факултет, МПЦ, СПЦ, Пелистерка, СИТИ Колеџ од Солун, Институт „Павел Шатев", Маја Иванова, Интерфест 2016, НУЦК „Ацо Шопов" – Штип, ЗАМП, Македонска медиумска асоцијација, Тотал ТВ, Телеком, АВМУ и сл.

Непосредно зад нив следуваат амбасадорите, странските политичари и меѓународните организации.

Од политичките партии, најзастапена е ВМРО ДПМНЕ со неколкуминутна разлика пред СДСМ. Прилозите за партиите се однесуваат на нивните предизборни ветувања, мерки критики и меѓусебни обвинувања. За ВМРО ДПМНЕ се емитувани и неколку прилози кои позитивно ги врамуваат мерките предложени од оваа партија - на 22 септември, со телоп „Јавна дебата: Новите мерки за унапредување на спортот поддржани од индивидуалните и колективните спортови" (2 минути и 57 секунди), во осврвтите емитувани на 27 септември: „Тема: Авто-плински уред – помали трошоци и почиста околина" (1 минута и 52 секунди) и „Тема: Нула загадување со електрични автомобили и автобуси" (2 минути и 28 секунди), и осврвтот „Скопје по теркот на светски метрополи по воведување на електронските автобуси" (2 минути и 20 секунди) емитуван на 28 септември.

На обвинувањата упатени од СДСМ понекогаш одговараат и надлежните институции.

Позначајно е уште и временското присуство на методолошката категорија „без субјекти", во која се кодираат граѓаните со нивните искуства и сведоштва.

Од другите политички субјекти, со мала временска присутност се јавуваат ДУИ, ДПА, НСДП, независните пратенички, ДОМ и СПМ.

Кај директните обраќања, практично изедначено е времето за ВМРО ДПМНЕ, *„другите субјекти"* и Владата, а малку зад нив се наоѓа СДСМ (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ АЛФА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Независни пратеници/чки | 00:00:26 | 0,52 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:12:21 | 14,73 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:23 | 0,46 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:11 | 2,60 | % |
| Други субјекти | 00:12:05 | 14,41 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:14 | 0,28 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:08 | 6,12 | % |
| Влада на РМ | 00:12:34 | 14,98 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:37 | 6,70 | % |
| СДСМ | 00:10:42 | 12,76 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:02 | 2,42 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:37 | 7,89 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:57 | 2,33 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:10 | 2,58 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:06 | 3,70 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:20 | 0,40 | % |
| ГДОМ | 00:01:07 | 1,33 | % |
| Собрание на РМ | 00:02:26 | 2,90 | % |
| Привремена комисија | 00:01:38 | 1,95 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:25 | 0,50 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:23 | 0,46 | % |
| | **Вкупно = 01:23:52** | **100** | **%** |

Во неколку прилози, медиумот известува со негативна рамка. На 22 септември, извештајот (3 минути 12 секунди) од комисиската седница за извештајот на Специјалното јавно обвинителство, е проследен со два телопи „Жестока расправија во Собрание: Катица Јанева доцнеше 45 минути, пратеничката Грчева ја нарече правно неписмена“ и „Дали Катица Јанева стана експерт за гласовна споредба на телефон и во живо?!“, при што во вториот, медиумот е тој којшто дава негативна рамка за обвинителката Катица Јанева. Прилогот, емитуван истиот ден, за соопштението од Кривичниот суд е проследен со телоп со негативен тон за СЈО - „Нова правна „неписменост“ на СЈО: Поради процесни пропусти вратен назад првиот обвинителен предлог“ (55 секунди). Во најава за него од студиото, меѓу другото, се вели: „Новата правна неписменост на СЈО е само уште еден во низата пропусти за Обвинителството на Катица Јанева, велат експертите“ – експертите не се идентификувани, ниту пак ваквата оценка е содржана во прочитаното соопштение од Судот. Негативна рамка за СЈО и СДСМ има и во најавата кон извештајот од комисиската расправа во Собранието емитуван на 26 септември. Во неа се прекажува Јанева, по што, се прави замена на сумата пари која се проблематизира во расправата: „Јанева со ново признание. Експертите коишто се најчесто од СДСМ и кои ги користи, сакале да работат и без пари, но таа инсистирала на спротивното и им давала пари. Зборуваме за народни пари. Поточно, за *цели четири милиони евра народни пари*“. Прилогот (2 минути и 34 секунди), во кој се прекажуваат фактите од расправата, е обележан со два телопи: „Катица Јанева: Не сум Супермен!“ и втор телоп „Катица Јанева не кажува каде се *еден милион евра* и самата ги терала експертите да земаат пари, а тие не сакале?!“.

## Член 75-б од Изборниот законик

Во периодот 22 септември – 1 октомври 2016 година, на ТВ Алфа емитувани се неколку прилози во кои известувањето за редовни активности на државни органи и на државни институции е во функција на изборно медиумско претставување на политички субјект:

***Алфа Вести во 17:30 часот 22.09.2016***

17:41:45-17:42:43 „Со мерката „Млад земјоделец“ годинава субвенционирани 124 млади лица“ – Претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, говори за спроведувањето на владината мерка.

17:45:40-17:47:39 „Над 2.500 лекари досега испратени на обука во странство“ - Никола Груевски, претседателот на ВМРО ДПМНЕ говори за текот и иднината на владиниот проект.

***Алфа Вести во 17:30 часот 24.09.2016***

17:40:28-17:42:58 „Груевски со партиски активности во Куманово“ - претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, во Куманово, заедно со Марјан Спасевски, директорот на Агенцијата за млади и спорт и министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски. Активностите на Агенцијата, активностите за отворање градинки и за здравството се претставуваат како проекти на партијата.

***Алфа Вести во 17:30 часот 25.09.2016***

17:39:27-17:40:42 „Груевски: Проектот Македонија вработува 2 тече со одлична динамика“ – претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски говори за владината мерка.

***Алфа Вести во 17:30 часот 29.09.2016***

17:40:46-17:42:52 „Ново зголемување за 670 денари на пензиите од декември" – претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски најавува владина мерка за пензионерите и го коментира спроведувањето мерка за младите – за која во прилогот се вели дека е дел од ветувања од партиската програма.

***Алфа Вести во 17:30 часот 30.09.2016***

17:40:17-17:43:17 „Партиски активности: Груевски во обиколка на Свети Николе" – претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски во посета на регионот заедно со министерот Владо Мисајловски кој му реферира за текот на активностите за изградба на експресниот пат Велес – Штип. Потоа следуваат средбите со мештаните.

17:43:17-17:44:07 „Најавена изградба на три експресни патишта од 200 милиони евра" – презентерката од студиото ја чита изјавата на Никола Груевски, кој најавува изградба на нови патишта, односно владини активности.

***Сектор за програмски работи***